International Baccalaureate primary school

ООУ„Браќа Миладиновци“

АЕРОДРОМ

# ЗАЕДНО
# TOGETHER




УЧИЛИШЕН ВЕСНИК

*Петок, 29.12.2023 г.*

број 2

# НАШЕТО УЧИЛИШТЕ




## ХУМАНИТАРЕН НОВОГОДИШЕН БАЗАР



*Iв одделение од срце за Лео*



**"Хуманоста е златен клуч кој отвора многу срца".**

**Од ❤ за Лео**





# Предновогодишна еуфорија, насмевки и дружења надополнета со многу хуманост која извира од детските срца.










Од срце за Лео.
Да се врати во училишните клупи.



# НАШАТА ОПШТИНА

## АЕРОДРОМ











Новогодишна атмосфера во нашата општина Аеродром, каде секој нејзин жител се чувствува убаво и пријатно шетајќи низ неа во предновогодишните и новогодишните празници. Нашиот градоначалник, Тимчо Муцунски, татко на општината секогаш се грижи за жителите на Аеродром и се труди Аеродром да е, и остане најубавото место за живеење.

**Среќна Нова 2024 година.**



**Среќен роденден, Capitol Mall and Residence!**




По повод десетиот роденден на Капитол Мол, учениците од IVб и Va одд. од нашето училиште, ООУ„Браќа Миладиновци" беа дел од роденденската атмосфера на Капитол мол.

Тие настапија со ритмички точки во кои заедно, сите уживавме. На роденденската забава учество земаа сите основни училишта на општината Аеродром.









# Најкул настани во училиштето



Ученичката Михаела Костовска од VIIIб одделение, под менторство на Ленче Гулевска доби диплома за успешно учество на меѓународна изложба за деца и младинци "ТВОРЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ДЕЛА ОД ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ" - 2023 година. Во организација на ДЕТСКИ ЛИКОВЕН ЦЕНТАР,Скопје-Градско здружение на ликовните педагози во соработка со ЕУРО-ЕКОПАК. Примарноста на оваа манифестација е изградувањe и едукација на еколошката свест на младите генерации.



Учениците од Iа одделение го одбележаа Меѓународниот ден на планините со креативна работилница.
Целта на работилницата е да се создаде свест кај учениците за важноста на планините за животот на човекот и планетата Земја.

РАЗЛИЧНИ но сепак ИСТИ!
Учениците од IVв одделение со цртежи и видео пораки споделија љубов и поддршка и го одбележаа Меѓународниот ден на лицата со попреченост.



# САКАМ ❤ МУЗИКА

## ВОДЕЊЕ НА ПРОЦЕСЕН ДНЕВНИК

### според ИБ филозофијата

Процесниот дневник е термин кој што се користи во музичко образование според ИБ филозофијата и служи да обезбеди податоци за напредокот што ученикот го постигнал за одредена тема по предметот музичко образование. Еднаш месечно, ученикот покажува докази дека редовно го користи процесниот дневник.Процесниот дневник треба да содржи презентација на тековната работа, податоци од критичко и креативно мислење на ученикот, како и рефлексија. Тој може да биде во пишана форма, видео или аудио запис или комбинација од истите.

Корисни совети за успешно водење на процесен дневник:

1. Собирај музички идеи, линкови и слики кои сметаш дека се интересни или соодветни на темата
2. Запишувај ги своите мисли, идеи, откритија, истражувања поврзни со темата
3. Зачувувај аудио и видео докази за твојот напредок и постигнувања
4. Експериментирај! Пробувај нови нешта-преземај ризици!
5. Направи рефлексија на тоа што си постигнал и постави си нова цел
6. Објасни ги преку слики и текст твоите мисли, изненадувања, разочарувања, предизвици, потфрлувања и успеси поврзани со темата.
7. Смислувај идеи како да се подобриш со цел да научиш од сопствените „ грешки“.

**М**узика слушаме ние,
**У**чиме за ноти,
**З**адача имаме на час
**И** пееме на глас.
**Ч**итаме песни
**К**ога наставничката ќе каже,
**О**длична е за сите, никој нема да лаже.

Петар Русков VI б одд

### МУЗИКА

Видови музика многу има,
во текстот се наоѓа и некоја рима,
Рапот и Трапот се со брзо зборење,
а песна не може да постои без творење.

Инструментите во музиката се многу важни,
Постојат песни и среќни и тажни.
Стиховите и строфите ја прават песната твоја,
а потоа ако сакаш да ја декорираш во боја.

Петар Русков VI б одд



## ЕРАЗМУС +, Е-ТВИНИНГ, ПРОЕКТИ ВО УЧИЛИШТЕТО

# Најново од нашите проекти




*Еразмус + Проект ,, Чекор поблиску до успешен училишен почеток''*

**Во рамките на Еразмус+ проектот “Чекор поблиску до успешен училишен почеток”, во ЈДГОА “Срничка”, објект “Чекорче” се одржа работилница, во партнерство со ООУ “Браќа Миладиновци”- Аеродром. Во контекст на унапредување на образовните инклузивни практики и обезбедување на образовен континуитет помеѓу предучилишните установи и основното образование, се споделуваа искуства и добри практики, теоретски презентации базирани на најновите меѓународни истражувања и пленарни дискусии на кои заеднички учествуваа воспитувачите во детските градинки, одделенските наставници и стручните работници.**






**ДЕКЕМВРИ, 2023**

***ПРИРОДНИ НАУКИ ВО II А ОДДЕЛЕНИЕ***

**Наставници:**
**Наташа И. Бошковиќ и Ива Наковска**

# ИНОВАТИВНИ ЧАСОВИ



**Учениците од II а одделение имаа најсладок час по природни науки.**

**Го следеа и набљудуваа процесот на топење на чоколадото.**

**Направија вкусен десерт, а на крај слатко го дегустираа.** 🍫🍌😃



# НОВОГОДИШНА РАБОТИЛНИЦА

ДЕКЕМВРИ, 2023

*Уредува Лана Јанева IV а одделение*









## Посета на музеј

По повод новогодишните празници учениците од ООУ Браќа Миладиновци од IVa, IVв и Vв одделение го посетија Музејот на Македонија. Учениците таму правеа новогодишни изработки со етно мотиви. Тие ја почуствуваа Новогодишната атмосфера и изработија креативни Новогодишни мотиви.





# НОВОГОДИШНА РАБОТИЛНИЦА

ДЕКЕМВРИ, 2023












1. Софија Петрушева VIв
2. Бојана Стамчева VIIв
3. Борјана Стрезовска VIв
4. Тамара Тутуревска VIв
5. Ивана Вељаноска VIв



# ЛИТЕРАТУРЕН КЛУБ



## ЗИМА

Зимата е мила како свила,
Ветре дува, снекче паѓа,
Среќата се шири
И нова радост се раѓа.

Зимска кралица, зимска убавица,
Секое дете и се радува
На среќата и нема крај
Таа за секого е рај.



***Надја Исаиловска***
***и Анастасија Секуловска III а одд.***



Новогодишна песна

Дојде Дедо Мраз во ноќен час,
и остави подароци без никаков глас.
Си замина уште вораны зори,
па така, ги помина сите гори.

Во домовите елката од убавина свети,
па на децата им дојде среќата од глава до пет
Нова година е време за собирање со роднини
па си викаме:-Нека ни бидат среќни сите годин

Дедо Мраз секогаш знае да предизвика
а сите играчки ги носи во голема вреќа.
Елките светат во сите бои,
а Дедо Мраз ги прави подароците,
со помошниците свои.

***Стефен Јовановски Vб одд.***

## ЗИМА

Во срцето на едно мало гратче се собраа многу деца и со нетрпение го чекаа првиот снег. Кога снегулките почнаа да паѓаат од небото детските лица се насмевнаа, а очињата од радост им светнаа. Спремни со санки и опрема започнаа забава во снегот. Креативните дечиња направија огромен снешко, а луѓето почнаа да ги украсуваат дворовите. Така целото соседтство се претвори во една зимска бајка.

На играта во снегот ѝ немаше крај, од правење на креативни снежни фигури се претвори во борба со снежни топки. И покрај големиот студ, преку играта на сите им беше топло во срцето.

Кога падна мрак целото гратче магично блесна од разните сијалички, а децата се собираа околу големиот снешко и со песна го крунисаа својот зимски крал. Со розови обравчиња и еден куп спомени си отидоа во своите украсени домови. По улиците останаа само траги од стапалките во снегот, а во домовите се пиеше топло какао.

Снежните зимски денови поминати со семејството и пријателите прават магија.

***Сара Стојчевска V а одд.***

## ЗИМА

Зимата ни дојде,
есента ни појде.
Есен златна есен
лист падна лесен.

Зимата е ладна,
снегот ни падна.
Децата си играат
снешковци си прават.

Ладно им е на сите,
ракавици си носат.
Чизмички облекуваат
шалчиња си врзуваат.

Нова Година ни иде,
годината брзо ќе ни мине.
Поклончиња отвараме
Дедо Мраз го бараме.

***Кристина Ѓошевска VIб одд.***

# ЛИКОВЕН КЛУБ





Марта Цветковиќ IV 6 одд.



Снежана Ѓорчевска IV 6 одд.



Ивана Јончевска IV 6 одд.



# ЛИКОВЕН КЛУБ







Вања Вајагиќ V б одд.





Ученици од II а одд.



Стефан Наќов II в одд

# ЛИКОВЕН КЛУБ





Миа Дукоска I б одд.



Сташа Стоименов I б одд.



Дона Денковска I а



Илина Танев I а одд.

# СПОРТСКИ УСПЕСИ




Прво место за нашите одбојкари на регионално ниво - Аеродром, Кисела Вода, Сопиште. Продолжуваме на градско првенство. Се гордееме со нашите одбојкари: Димитар Костадиновски, Виктор Савески, Лука Ласло и Горјан Ковачевски од IXб одделение, Гоце Тумановски, Андреј Марковски, Милан Пајовиќ, Лука Лазовски од IXв одделение, и Филип Ѓорѓиевски од VIIIб одделение под менторство на наставникот по ФЗО, Оливер Миленковски го освоија првото место.

# ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО

*Уредува Андреј Шоповски VII 6 одд.*



## *Што е врсничко насилство?*

**Врсничко насилство е агресивно однесување што трае подолго време, се повторува и е насочено кон исто лице.**

**Останати значења на врсничко насилство: намерно, свесно негативно постапување со намера другиот да се повреди, со намера да се предизвика заплашеност со секогаш присутна несразмерност на силата, насилникот секогаш има поголема сила од жртвата, однесување што со ништо не може да се оправда.**

**Видови врсничко насилство: Вербално – нарекување со погрдни имиња, исмевање, омаловажување, навреди, дофрлувања; Физичко – удирање, туркање, рушење, крадење и уништување предмети; Социјално – озборување, избегнување, игнорирање, изолирање, ширење лаги и гласини; Психолошко – заканувачки погледи, гримаси, исмевање, несакани допири и коментари од сексуална природа, изнудување пари, следење, уценување; Вербално врсничко насилство врз основа на етничка припадност, религии или раси, како и понижување врз основа на полот, исто така се смета за злоупотребување.**

**Тоа секако мора да се спречи!!!**

# ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО




***Да нема врсничко насилство во Новата 2024 година  во нашето училиште. Тоа е желба на сите ученици.***

**Во нашето училиште има надлежни кои со секое дете кое што извршува некој вид насилство тие зборуваат со него и пробуваат да го решат проблемот. Исто така нашето училиште соработува со кампањата на макпетрол „ КРЕНИ ГЛАС!“.**

**Од оваа кампања цело време се прикажани реклами во влезот на училиштето. Психологот од нашето училиште континуирано држи работилници со ученици со теми за врсничко насилство.**

## *Како може да се спречи врсничкото насилство?*



***Можеме да го спречиме: најпрво треба да пријавиме кај наставникот.***

***Големо НЕ е да криеме мислејќи да на бидеме „тужибаби“. Доколку не се превземат мерки, треба да се запознаат родителите. Тие ќе направат се што можат.***

***Родителите на навредувачот НЕ треба да го бранат своето дете и да се расправаат. Тие треба да зборуваат со детето, можеби нешто го мачи.***

**НОВИНАР - ИЗВЕСТУВАЧ**
**ПРОЕКТНА АКТИВНОСТ**
**НА ДЕВЕТТИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА**

*Магдалена Петрова IXв одд.*







*Јана Кепеска IXа одд.*




*Симона Б. Додева IXб одд*




*Јана Наневска IXа одд.*




*Калина Грујовска IXв одд.*




Ова ми е најинтересно

Новогодишни и Божиќни празници

# ЗАНИМЛИВОСТИ

**Уредува Сташа Пејаковиќ VIIб одд. и Лана Пејаковиќ VIIб одд.**





***Нова година е денот што го одбележува почетокот на новата календарска година. Новата година според грегоријанскиот календар, кој денес е најкористен низ целиот свет, паѓа на 1 јануари.***

***Традиционален белег на Новата година е новогодишната елка која се поставува во главната соба и околу која се празнува овој ден. Новогодишната елка најчесто се украсува со украси наречен лампиони.***

***Исто така многу семејства практикуваат украсување на целиот стан со новогодишни украси***

***Исто така еден од белезите на Нова година е и Дедо Мраз. Тој е всушност „дедо“ облечен во црвен костум и со долга бела брада која всушност според теоријата им носи подароци на помладите.***

**Прославување на Коледе**

Утрото пред Бадник се спремаат костени, ореви, нешто благо и ситни парички.

Тоа утро коледарите со торба одат од куќа до куќа и ја пренесуваат веста за раѓањето на Исус Христус.

Коледарите ја пеат убавата коледарска песна. Тие што ќе ја отворат вратата им ставаат костени ореви или ситни парички на коледарите.



# ЗАНИМЛИВОСТИ

**Прославување на Бадник**



- Бадник е вечерта после Коледе.
- Тогаш се јаде посна храна.
- За Бадник се меси лепче со паричка.
- Масата се украсува со бадниково гранче.
- Таа вечер се собира целото семејство на богатата трпеза.
- Најстариот член на семејството го крши лепчето со паричка.
- На тој што ќе му се падне паричката се смета дека ќе има најмногу среќа во годината.

**Прославување на Божиќ**

Божиќ е денот кога се родил Исус Христус според христијанската традиција.

Тоа е втор најголем празник во христијанството, по Велигден.

На Божиќ се собира семејството и по обичајот за Божиќ се јаде мрсна храна.








Од кога се слави Нова година

Ова ми е најинтересно

# ЗАНИМЛИВОСТИ

*Уредува Марта Цветковиќ IVб одд. и Снежана Ѓорчевска IVб одд.*





**Нова година се слави во сите краеви на светот речиси 4000 години. Научниците сметаат дека древните Вавилонци во областа на некогашна Месопотамија, први почнале да ја одбележуваат Новата година. Таа се славела како повторно раѓање на се во природата и било логично тоа да е на почетокот на пролетта кога се оживува. Се смета дека Вавилонците го славеле доаѓањето на Новата година дури 11 дена. И старите Египќани исто така го прославувале доаѓањето на Новата година. Во почетокот тоа било кон крајот на септември, во време кога Нил го поплавувал својот брег. Тоа било за Египќаните најважен ден во годината и означувал расцветување на растителниот свет, а со самото тоа и повеќе храна.**

Ова ми е најинтересно

За фудбалот

# ЗАНИМЛИВОСТИ

## Фудбалски тимови може да играат еден против друг, на ралзична хемисфера од Земјата

Стадионот Milton Correa во Бразил познат како Zerão (голема нула на португалски), го добил името заради фактот што на средината на теренот се наоѓа екваторот.

Па според тоа, кога тимовите играат на двете различни страни, стојат на двете различни хемисфери на Земјата.



ИЗДАВА
ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
АЕРОДРОМ, СКОПЈЕ

директор

## АНЕТА ВЕЛКОСКА









ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ

**СУНЧИЦА ПЕТРЕВА**

**ЖАКЛИНА РИСТОВСКА**

## УЧЕНИЦИ НОВИНАРИ

Јована Атанасовска IVа одд.
Лана Јанева IVа одд.
Ивана Јончевска IVб одд.
Марта Цветковиќ IVб одд.
Снежана Ѓорчевска IVб одд.
Миа Стаменкова IVв одд.
Меглена Небеска Чиплаковска Vа одд.
Бојана Неловска Vб одд.
Ведран Гилевски Vв одд.

## УЧЕНИЦИ НОВИНАРИ

Кристина Ѓошевска VI б одд.
Матеј Евгелиевски VI б одд.
Андреј Шоповски VII б одд.
Сташа Пејаковиќ VII б одд.
Лана Пејаковиќ VII б одд.
Искра Маловска VII б одд.
Софија Јовановиќ VII б одд.
Дамјан Арсов VIII а одд.
Матеј Тодоровски VIII а одд.
Јана Неловска IXб одд.
Елени Шоптрајанова IXб одд.
Ангела Азмановска IXб одд.

ЛЕКТОР
**СУНЧИЦА ПЕТРЕВСКА**

ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА РЕАЛИЗАЦИЈА
**ЖАКЛИНА РИСТОВСКА**


## КОНТАКТ
## CONTACT


brakamiladinovci_skopje@yahoo.com

# ЗАЕДНО

со нови предизвици,
другарувања и знаења

